# „КОН ИДНИНАТА“ - Студија за потенцијалот и искористување на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион



ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН



**ИПА ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА CCI NUMBER 2007CB16IPO007**

Преку овој проект ќе се овозможи зголемување на знаењето на жителите на прекуграничниот регион за обновливите извори на енергија достапни во регионот. Исто така ќе се овозможи жителите на регионот подобро да ги разберат можностите за искористување на овие извори на енергија и ќе имаат можност да научат како да се постигне поголема енергетска ефикасност.

Проектот "Кон иднината" - Студија за потенцијалот и искористување на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион, ќе придонесе за зголемување на јавната свест за потенцијалот на обновливите енергетски ресурси во прекуграничниот регион и кон идното користење на еко ресурсите како и зголемување на енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори на енергија во Југоисточниот плански регион, Република Македонија и Југозападниот регион, Република Бугарија.

Во рамките на проектот планирани се тркалезни маси и работилници со кои ќе се овозможи размената на искуство и трансфер на знаење, како и зголемување на соработката за заеднички активности во прекуграничниот регион на Република Македонија и Република Бугарија.

## Краток опис на проектот:

### Водечки партнер:
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Проектен партнер:
- Асоцијација на Југозападните општини – Благоевград, Р. Бугарија

### Времетраење:
18 месеци

### Финансиран од:
Овој проект е кофинансиран од ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична соработка Р. Македонија - Р. Бугарија

### Цел на проектот:
Подобрување на квалитетот на животот на жителите од Југоисточниот плански регион, Република Македонија и Југозападен регион, Република Бугарија, преку зголемување на енергетската ефикасност и искористување на еко ресурсите.

### Контакт:

Мима Станоевска
Ул. "Боро Џони" Бр.10
2400 Струмица
Моб. 070/238-959
Тел/Факс 034/340-139
E-mail: mima.stanoevska@rdc.mk


ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

СЮЗО

### Цели на проектот:

- Зголемување на свеста за обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион;
- Запознавање на вработените во општините од прекуграничниот регион со можностите за обновливи извори на енергија и за начините за нивно користење;
- Претставување на концептот на енергетската ефикасност преку искористување на обновливите извори на енергија на приватните и јавни субјекти кои се наоѓаат во прекуграничниот регион;
- Утврдување на капацитетите на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион и објавување на Студијата;
- Понуда на серија од можности за искористување на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион.



### Резултати од проектот:

- Објавена "Студија за потенцијалот и искористување на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион";
- Дваесет и седум претставници од општините од Југоисточниот плански регион, Република Македонија и Југозападниот регион, Република Бугарија запознаени со обновливи извори на енергија кои се достапни во прекуграничниот регион;
- Најмалку десет претставници од менаџментот на јавните претпријатија во општините од Југоисточниот плански регион на Република Македонија и Југозападниот регион на Република Бугарија запознаени со обновливите извори на енергија кои се достапни во прекуграничниот регион;
- 20.000 жители од општините од Југоисточниот плански регион, Р. Македонија и Југозападниот регион, Р. Бугарија запознаени со обновливите извори на енергија преку кампањи за подигање на јавната свест спроведена на двете страни на границата.